## БЛАГОДАРНОСТ

Отворена порта ја изразува својата благодарност до следниве поединци и организации за нивниот значителен придонес во функционирањето на Резиденцијата:

Џералдин Бјалерстед, Моника Портиљо, Александар Лазовски, Виктор Улом, Киро Тодоровски, Санде Китанов, Санија Бурагева, Јован Илиевски, Петар Аневски, Јован Димитровски, Елена Грозданова, Светлана Цветковска, Гоце Џуклевски, Ленче Коцевска, Мисијата на ОБСЕ во Скопје, УСАИД Македонија, Christliche Ostmission.

Искрено сме благодарни на персоналот на Резиденцијата за нивната целосна посветеност во помошта при опоравувањето на човечките животи. Поради безбедносни причини, нивните имиња не може да бидат споменати овде.

Оваа публикација е дело на Отворена порта/Ла Страда Македонија. Маја Варошлија, Александар Лазовски и Јасмина Д. Рајковска го концептуализираа овој документ, дадоа придонес и го формулираа. Јасна Добричиќ го формулираше делот за правните предизвици. Силвана Бошковска Георгиевска придонесе во компилацијата на хронологијата на овој проект.

’Резиденција’ е проект имплементиран од Отворена порта/Ла Страда Македонија, финансиран од УСАИД Македонија и администриран од Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

Издавањето на овој документ беше финансиски поддржано од УСАИД Македонија.

Фотографија на насловна страна: Никола Петровски © 2007

Тираж: 300 примероци

USAID | MACEDONIA

Поддржано од:

*Оваа публикација е изработена од НВО Отворена порта / Ла Страда Македонија со великодушната поддршка на американскиот народ, преку Агенцијата на САД за меѓународен развоја (УСАИД).*

*Мислењата изразени во оваа публикација им припаѓаат на авторите и не ги изразуваат ставовите на Агенцијата на САД за меѓународен развој или на Владата на Соединетите Американски Држави.*

OSCE

Spillover Monitor
Mission to Skopje

*Содржината на ова издание не значи дека секогаш ги одразува погледите или ставовите на Набљудувачката Мисија на ОБСЕ во Скопје.*

# ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ДИРЕКТНА ПОДДРШКА НА ЖРТВИ ОД ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ ВО МАКЕДОНИЈА СО ПОСЕБЕН ФОКУС НА ПРИФАТИЛИШТЕТО ЗА ЖРТВИ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ - РЕЗИДЕНЦИЈА

Отворена порта
Ла Страда Македонија
септември 2007

# ПРЕДГОВОР

НВО Отворена Порта – Женско лоби и акција против насилството и трговијата со жени, официјално започна со работа во 2000 година. Основен мотив за формирање на организацијата беше постојаното зголемување на бројот на жртвите од трговијата со луѓе, и се поголемата присутност на проблемот во Република Македонија.
Оттука произлезе нашата мисија: Да се бориме за женските права, да ги заштитиме и поддржиме жените жртви на насилство и трговијата со луѓе.
Програмските активностите кои ги спроведуваме се поделени во три кампањи:

**• Превенција и едукација**

Кампањата за превенција и едукација има за цел да ги зајакне жените да донесуваат информирани и самостојни одлуки за својот живот. Во однос на работата со ризичните групи, оваа кампања ја опфаќа и социјалната средина преку едукација на професионалци кои можат да дојдат во контакт со (потенцијалните) жртвите од трговијата со луѓе. Тука се вклучени професорите, психолозите, педагозите, преставниците од невладини организации и представниците од полициските служби. Во рамките на оваа програма се имплементираат превентивни лекции во основни, средни училишта и универзитети, се организираат семинари, конференции, дебати и сл. со цел проблемот на трговија со луге да стане препознатлив. Од 2002 година Отворена Порта има Национална СОС телефонска линија на која можат да се добијат корисни информации за заштита од вовлекување во мрежата на трговија со луѓе како и помош на жртвите кои бараат излез од истата 24 часа секој ден.

**• Информирање и лобирање.**

Оваа кампањата има за цел да го претстави проблемот на трговија со луѓе како приоритет на политичко ниво, да ја подигне јавната свест, да иницира јавни дебати и да ја следи имплементацијата на државните стратегии во борбата против трговијата со луѓе.
Отворена Порта е член на Секретаријатот на Националната Комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција и на Подгрупата за Борба Против Трговија со Деца. Овие две тела се имплементирачки тела на Нациналната комисија за борба против трговија со луге во која членуваат представници од различни министерства. Членството во секретаријатаот и подгрупата и овозможува на Отворена Порта да го пренесе и застпува гласот на Невладиниот сектор пред владините институции, а воедно и да лобира за препознавање на проблемот трговија со луѓе како сериозно кршење на основните човекови права.

**• Асистенција и директна поддршка на жртви од трговија со луѓе**

Програмата за директна поддршка е најважниот сегмент и главана причина за постоењето на ,,Отворена Порта". Целта на оваа кампања е да им се обезбеди потребната поддршка и помош на жртвите за повторно да ја стекнат својата слобода и да ја превземат контролата над своите животи. Директниот контакт со жртвите ни ја покажува вистинската слика за преживеаните трауматски искуства додека биле во ситуација на трговија, и ни дава насоки за понатамошната работа.

Како резултат на потребите за сместување на македонски државјанки кои бараат помош во Јули 2005 год. Отворена Порта отвори прифатилиште за жртви од трговија со луѓе – Резиденција, во кое е развиена комплексна програма за рехабилитација и реинтеграција на сместените клиентки.

Оваа публикација ги содржи двегодишните искуства стекнати при работата со жртвите од трговија со луѓе во прифатилиштето – Резиденција.

Се обидовме накратко да се осврнеме на целиот процес на асистенција кој клиентките го поминуваат, почнувајки од моментот на сместување, надминување на трауматски искуства кои ги преживаеале, различните услуги кои ги примаат при процесот на рехабилитација, вклучување во образовниот процес, професионална квалификација, помош при вработување и прифаќање од страна на нивното семејство.

Се надеваме дека со оваа публикација ќе успееме да ја запознаеме јавноста со проблемите со кои се соочуваат жртвите од трговијата со луѓе, и дека сите релевантни институции, вклучувајки ги и нивните семејства во иднина активно ќе се вклучат во процесот на ресоцијализација.

Со почит,

Јасмина Д. Рајковска
Претседателка на Отворена Порта – Ла Страда
Македонија

## 1. ВОВЕД

Трговијата со луѓе е повеќеслоен проблем кој ги измачуваше новите демократии од регионот на југоисточна Европа уште од раните 90–ти. Меѓународните организации кои работата во оваа област обезбедуваа помош на соодветните влади во креирањето на нивниот одговор кон трговијата со луѓе и создавањето на стратешки и сеопфатен пристап кон проблемот. И покрај сите напорти, овој феномен сеуште опстојува.

За многумина, активностите насочени кон борбата против трговијата со луѓе треба да го ставаат на прво место јакнењето на казнено–правниот одговор и овозможувањето на оние кои се засегнати да сведочат против оние кои ги експлоатирале. Како и да е, таквиот пристап е во основа погрешен поради фактот дека тргуваните жртви честопати не добиваат соодветна помош и заштита пред да бидат принудени да им помогнат на агенциите за спроведување на законот. Понатаму, прашањето за идентификација на жртвите е несомнено витален предуслов за успешна поддршка и следствено гонење на сторителите.

Додека првичната одговорност за елиминирањето на трговијата со луѓе лежи кај владата, успешната глобална стратегија побарува вклучување на широк спектар на учесници, вклучувајќи ги и безбедносниот сектор, медицинските установи, јавноста, бизнис заедницата – но, пред се, НВО заедницата.

Конечно, признавањето на проблемот за трговијата со луѓе, особено за внатрешната трговија, е еден од најважните првични чекори кои сите учесници мора да го комплетираат, со цел успешно да се справат со оваа одвратна форма на криминал.

Иако проценките се различни, постојат доволен број индикатори дека секоја година, неколку стотици илјади лица се тргувани во Европа. Тие се доведени во забуна, честопати продавани и принудени да работат, и експлоатирани во различни сектори. Вообичаено, жените се тргувани во сексуалната индустрија, за домашна работа или во принудни бракови; мажите се доминатно тргувани како градежна, земјоделска или работна сила во фабрики, но, исто така и во сексуалната индустрија, додека, пак, малолетниците најчесто се тргувани во сексуалната индустрија, печатењето и домашната работа.

Причината поради која практиките слични на робство, како што е трговијата со луѓе, сеуште постојат во 21–от век во Европа, може, во најголема мера, да бидат објаснети со т.н. поттикнувачки (push) и повлекувачки (pull) фактори. Постоењето на тешки политички, економски и социјални ситуации во одделни делови од Европа, особено во земјите од поранешниот Советски сојуз и Балканот, ги влоши невработеноста, нееднаквоста и нестабилноста, поради кои луѓето се поттикнати да мигрираат и да бараат вработување на друго место. Ваквата ситуација го зголемува нивниот ризик да паднат во рацете на „посредници", криминални групи или поединци кои им „помагаат" да влезат во некоја држава и им ги договараат нивните „визи и дозволи за работа", а потоа ги експлоатираат. Трговците опе–

рираат преку сомнителни агенции за вработување, туристички агенции, компании за забава, или агенции за посредување во бракови.

Што се однесува до „повлекувачките фактори", постои побарувачка за специфични типови на работна сила во одредени индустриски сектори, и општа побарувачка за ефтина работна сила, која во се поголем број се обезбедува преку мигранти со несигурен или никаков статус за работа или престој во земјата на престој. Овие фактори не се новост, и миграциските текови постоеле со векови. Како и да е, глобализацијата и растечката разлика помеѓу богатите и сиромашните разлики, фактот дека станува се полесно луѓето да мигрираат и покрај тоа што имиграциските политики станаа мошне построги, како и развојот на новите медиумски технологии кои достигнуваат до милиони луѓе, се сите фактори кои го објаснуваат порастот во бројката на случаи со трговија со луѓе.

Лицата кои потекнуваат од централна и источна Европа, сеуште во најголема мера се тргувани во западноевропските земји, особено во земјите од Европската унија, но, исто така, во последно време и во Средниот Исток и Азија.

Во последниве години, сепак, постојат значителни промени и нови трендови во трговијата со луѓе. Луѓето изгледа се тргувани во помлади години, внатрешната трговија се јавува почесто и рутите на трговијата покриваат поголеми растојанија. Што се однесува до патиштата на трговијата во Европа, земјите, како во западните, така и во источните делови на Европа, може да се сметаат како земји на потекло, транзит и дестинација за тргувани лица, како резултат на значителните промени во рутите на трговијата. Како резултат, неколку централни и источноевропски земји станаа држави на трансфер и дестинација, во исто време. Ова особено се однесува на жените од републиките од поранешниот Советски сојуз од централна Азија (Киргизстан, Казахстан, Узбекистан, Таџикистан и Туркменистан), Кавказ (Ерменија, Грузија и Азербејџан) и Азија, но, исто така и од нивните соседни земји. Така, жените од Молдавија може да бидат тргувани во Русија, додека, пак, руските жени да бидат тргувани во Полска.

## 2. ШТО ПРЕТСТАВУВА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ?

Член 3 од Протоколот на Обединетите нации за превенција, сузбивање и казнување на трговијата со луѓе, особено со жени и деца, кој ја дополнува Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал (општо познат како Протоколот од Палермо) ја дефинира трговијата со луѓе како:

> Регрутирање, превезување, пренос, засолнување или прифаќање на лица, по пат на закана или со употреба на сила или други форми на принуда, или киднапирање, или измама, или залажување, или со злоупотреба на моќ или на состојба на

немоќ или со давање или примање на пари или корист, заради постигнување на согласност на лице кое има контрола над друго лице, со цел за експлоатација. Експлоатацијата подразбира, во најмала мерка, експлоатација на проституција на други лица или други форми на сексуална експлоатација, принудна работа или принудно услужување, ропство или постапување слично на ропство, слугување или вадење на органи.

* Во случај на деца, употребата на било кој вид на принуда или злоупотреба, не е неопходна.

Ваквиот равој на настаните се рефлектира во дефиницијата на трговијата во Протоколот на ООН за трговија од 2000, кој ги покрива сите форми на трговија за присилна работа и пракси слични на ропство. Дополнително, Протоколот прави јасна дистинкција помеѓу сексуалната работа и трговијата со луѓе, и помеѓу трговијата и криумчарењет, кое е обработено во друг протокол. Криумчарењето се однесува на овозможување на нелегален престој или влез, додека, пак, целта на трговијата е експлоатацијата на човечки суштества преку принудна работа или услови слични на ропство. Трговијата не секогаш вклучува и нелегално преминување на граници. Може да се случи и во рамките на една држава, т.е. без поминување на националните граници. Дополнително, во многу случаи, тргуваните лица влегуваат во една држава легално, на пример како туристи, сопружници, студенти, куќни помошници или практиканти. Понекогаш тие стануваат нелегални одкако ќе се извлечат од контролата на нивните експлоататори, на пример, во случајот на жени кои се принудени на проституција од страна на нивните сопрузи. Трговијата е криминал против личноста, додека, пак, криумчарењето е првенствено криминал против државата кој ги прекршува нејзините граници.

Според нашето локално законодавство (Член 418а од Кривичниот законик на Република Македонија) трговијата со луѓе се казнува со следнава правна терминологија:

(1) Тој што со сила, сериозна закана доведува во заблуда или други форми на присилба, грабнување, измама, со злоупотреба на својата положба или состојбата на бременост, немоќ или физичка или ментална неспособност на друг, или со давање или примање пари или друга корист заради добивање согласност на лице кое има контрола на друго лице врбува, превезува, пренесува, купува, продава, засолнува или прифаќа лица заради експлоатација по пат на проституција или други форми на сексуална експлоатација, порнографија, принудна работа или слугување, ропство, присилни бракови, присилна фертилизација, незаконито посвојување или нему сличен однос или недопуштено пресадување делови од човековото тело, ќе се казни со казна затвор најмалку четири години.

(2) Тој којшто врбува, превезува, пренесува, купува, продава, засолнува или прифаќа деца или малолетни лица заради експлоатација на овој член, ќе се казни со затвор најмалку осум година.
(3) Тој којшто ќе одземе или уништи лична карта, пасош или друга туѓа идентификациона исправа заради вршење на делото од ставовите (1) и (2) на овој член, ќе се казни со затвор од најмалку четири години.
(4) Тој којшто користи или овозможува на друг користење на сексуални услуги од лице за кое знае дека е жртва на трговија со луѓе, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.
(5) Ако делото од став 4 е сторено со дете или малолетно лице, сторителот ќе се казни со затвор од најмалку осум години.
(6) Ако делото од став 1 го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.
(7) Предметите и превозните средства употребени за извршување на делото, се одземаат.

## 2.1 Каков е размерот на трговијата со луѓе во Македонија?

Трговијата со луѓе претставува глобален проблем кој се рефлектира и во Република Македонија. Се јавува во различни облици а како своја цел ја има експлоатацијата на жртвите за најголема можна финансиска добивка.
Размерот на трговијата со луѓе во Македонија се има променето низ годините. Во изминатиот период, Македонија беше земја на транзит и дестинација за жртви, воглавно жени и првенствено за сексуална експлоатација. Во делот на илегалната миграција, територијата на Република Македонија беше користена како транзитна земја, преку најчесто користените илегални премини.
Моменталната ситуација е променета. Македонија стана и земја на потекло. Внатрешните проценки и извештаи од НВОи покажуваат дека проблемот со трговија со луѓе е моше сериозен во Македонија, т.е. жени, воглавно под 18 години возраст, со потекло од неразвиени региони од државата, се регрутираат и се носат во западниот дел од земјата, каде преку разни лажни ветувања за вработување во угостителски претпријатија, се продаваат, често пати по неколку пати, или, пак, се принудени во проституција. Жртвите повеќе не се идентификуваат во барови, туку, во изнајмени или приватни станови, куќи или викендички, салони за масажа или козметички салони.

# 3. ПРОЕКТОТ „РЕЗИДЕНЦИЈА“

## 3.1 Преглед на проектот и неговите активности

Општата цел на проектот „Резиденција“ и на НВО Отворена порта/Ла Страда Македонија беше да се зајакне способноста на земјата да овозможи соодветна заштита за тргувани лица, особено за државјани и малолетници, врз осно–

ва на регионални и меѓународни инструменти за заштита на човековите права, вклучувајќи ги стандардите за заштита на жртви на ЕУ, ОБСЕ и Советот на Европа.
Првото прифатилиште менаџирано од страна на НВО беше основано во рамките на овој проект, со цел да се осврне на итните потреби на жртвите од трговија со луѓе, особено на малолетниците и на домашните државјани.
Функционира од јули 2005 и обезбедува директна поддршка како на идентификувани, така и на претпоставени жртви од трговија. На жртвите им се нудат специјализирани услуги, како што се сигурен престој, храна, облека, психо–социјална поддршка, медицински третмани, правна помош и обука за работа. Тимот од обучени професионалци, кој вклучува социјални работници и психолози, е достапен 24 часа на ден. Периодот на престој во Резиденцијата се определува од случај за случај, а во просек од 3 до 12 месеци. Сите корисници се вклучуваат во програмата на Резиденцијата исклучиво на доброволна база.
Проектот беше насочен кон онаа група на жртви кои не беа вклучени во постоечката ограничена структура за помош – првенствено внатрешно тргувани државјани, а особено малолетници. Целната група беше препраќана во Резиденцијата првенствено преку Координативната канцеларија на Националниот механизам за упатување, потоа од полицијата, бесплатната СОС линија, неформалната НВО мрежа, Центрите за социјална работа (ЦСР) и од останати државни тела.
Партнерства за соработка беа развиени помеѓу Отворена порта и разни државни и не–државни тела задолжени за борба против трговија со луѓе: Координативната канцеларија на Националниот механизам за упатување (НМУ), Министерството за внатрешни работи, НВО мрежата, Унијата на социјални работници, општинските коалиции, Секретаријатот и Подгрупата за борба против трговија со деца при Националната комисија, ИОМ, УНИЦЕФ, ОБСЕ, итн. Дополнително на ова, беше развиено и менторско партнерство со слични проекти во регионот на југоисточна Европа, како што се романскиот “Reaching out”, бугарската “La Strada”, албанската НВО “Vatra” и црногорската НВО “Women Safe House”.
СОС телефонската линија за жртви од трговија со луѓе, раководена од НВО Отворена порта, е единствената телефонска услуга која е достапна во земјата за потенцијалните и актуелните жртви да добијат информации, помош и поддршка на различни јазици. Бројот на бесплатната СОС линија е **0800 11111** или **02 2777 070** за повици од странство.
Овој проект претставува една од водечките иницијативе во борбата против трговијата со луѓе во земјава. Широк спектар на активности беа превземени за време на овој три–годишен период на имплементација, кој придонесе кон остварувањето на значителни резултати и кон подобрувањето на помошта и услугите кои им се обезбедуваат на тргуваните жртви во земјава. Најзначајните и клучни активности се збирно претставени подолу во овој текст, а посебен акцент беше ставен на работата со жртвите.

## Програма за студиски посети на прифатилишта / Најдобри решенија од регионот

Главната цел на Програмата за студиски посети беше да ја олесни размената на информации, искуство и најдобри решенија во повеќе одделни области од заеднички интерес помеѓу професионалците и организациите кои пружаат помош и заштита на жртви од трговија. Овие посети беа овозможени преку поддршката добиена од Мисијата на ОБСЕ во Скопје и La Strada International. На луѓето кои работеа на проектот им беше овозможено да ги видат постоечките пракси, да го сподела своето искуство со своите колеги и да ги оценат сопстевните пракси во некои од соседните и европските земји: Косово (ноември 2004), Албанија (декември 2004), Србија (Јануари 2005), Чешка (2005), Холандија (2005) и Романија (Април 2005).

Студиските посети им помогнаа на учесниците да ги земат предвид пристапите и стандардите кои биле развиени и адаптирани надвор од државата и да им пружат подобри и понови информации во врска со помошта и заштитата на жртвите од трговија. Главните оперативни аспекти кои беа дискутирани на овие посети беа: безбедноста на прифатилиштата, стилот на менаџментот, имплементацијата на програмата и услугите, соработката со владините институции, стандарди за однесување, системи за упатување, правни постапки, стандардни оперативни процедури, системи за менаџирање со бази на податоци, итн.

Дополнително на ова, преку студиските посети, НВО Отворена порта имаше можност да развие партнерски односи со одбрани НВОи од посетените земји.

## Стандардни оперативни процедури на Резиденцијата

Процесот на развивање и адаптирање на Стандардните оперативни процедури (СОП) беше сметан за една од најважните активности во рамките на овој проект. СОП помогнаа во обезбедувањето на постојаност, согласност, одоговорност и ефикасност на професионалците кои работат во прифатилиштето и во пружањето на соодветна помош и заштита на тргуваните жртви. СОП претставуваат еден заштитен механизам, како за клиентите, така и за професионалците. Овие процедури ги регулираат сите релевантни дневни оперативни работи на Резиденцијата, како што се механизмот на препраќање, времетраењето на престојот, водењето на случајот и архивирањето, постапката за прием, доверливоста, безбедноста, итн. Исто така, СОП содржат специфични дополнителни поглавја, како што се Правилникот за работа, протоколот за безбедност, формуларите за прием, итн.

Имајќи предвид дека истите беа развиени како работна алатка (документ), СОП ќе бидат предмет на постојано разгледување, оценување и дополнување, со цел да се земе предвид идниот развој на настаните и постојано да се подобрува квалитетот и спектарот на постоечките услуги кои им се на располагање на тргуваните жртви. (Види Анекс)

**Проектите ’Резиденција’ и ’СОС Линија за Помош’ беа вклучени во Националниот акционен план за борба против трговија со луѓе (НАП)**

Во декември 2005, Националната комисија за борба против трговија со луѓе, во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, ја организирање финалната работилница за изработка на Националниот акционен план за борба против трговија со луѓе (НАП). НВО Отворена порта и персоналот на Резиденцијата беа дел од комисијата за изработка на овој документ.

Главниот резултат од работилницата беше подобрувањето на нацрт НАП и Националната стратегија, кои ги вклучија сите предлози од релевантните институции, како што се НВОи, меѓународни организации и владини институции.

За време на работилницата и дополнителните состаноци на комисијата, НВО Отворена порта лобираше за вклучување на одредба во НАП која се однесува на иднината, како на прифатилиштето, така и на СОС Линијата за помош.

## Советодавен одбор на Резиденцијата

Главната улога на Советодавниот одбор е да го оценува развојот на прифатилиштето, да врши проценка на постоечките трендови и да предлага активности за дополнително подобрување на услугите кои се пружаат во прифатилиштето.

Основањето на надворешниот/советодавниот одбор на Резиденцијата беше направено со огромна сериозност и посветеност. Главниот фокус беше ставен на улогата на членовите на советодавниот одбор, на функцијата на одборот и на неговиот Статут. Така, беа идентификувани најискусните личности помеѓу домашните учесници во борбата против трговијата со луѓе и беа избрани да ги претставуваат своите организации во одборот.

Првиот основачки состанок на советодавниот одбор беше одржан во април 2007. Г–ѓа Елена Грозданова (Министерство за труд и социјална политика), Г–ѓа Санија Бурагева (Министерство за внатрешни работи), Г–ѓа Јасмина Димишковска Рајковска (Отворена порта), Г–ѓа Марија Тодоровска (Отворена порта) и Г–ѓа Маја Варошлија (Отворена порта) ги претставуваа своите организаии во одборот. Претставниците од УСАИД и ОБСЕ учествуваа како набљудувачи. Одборот го усвои својот Статут и ја избра Г–ѓа Елена Грозданова за Претседавач. Исто така, Г–ѓа Ѓурѓица Ѓорѓевска (Отворена порта) беше именувана за технички координатор кој ќе се справува со техничките прашања поврзани со секојдневната работа на ова тело. Одборот се состанува еднаш месечно.

## Обука за јакнење на капацитетите за персоналот и членовите на одборот

По внимателно направената анализа на целите на проектот, неговите активности, персонал, ресурси и останати фактори кои се потребни за идентификација на потребите за обука, неколку обуки за јакнење на капацитетите беа испланирани и специјално дизајнирани за НВО Отворена порта. Партнерите за обука беа идентификувани и одбрани во блиска соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

Првата работилница за јакнење на капацитетите, организирани од Македонскиот институт за медиуми (МИМ), се фокусираше на развојот на способностите за комуникација на учесниците во нивните контакти со новинарите и медиумите, како и при давањето на изјави за ТВ и печатот. Обуката беше изведена од тренери со големо практично знаење и искуство.

Дополнителна работилница беше одржана во август 2005. Истата беше спроведена од професионален новинар и специјалист за односи со јавноста. Посебно внимание беше посветено на улога на офицерот за печат, дизајнот на интернет страната на организацијата, и на работата и дизајнирањето на билтен.

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) беше ангажиран од Мисијата на ОБСЕ во Скопје да спроведе жпроценка на потребитеж за НВО, но и за членовите на персоналот кои ги имплементираат проектите „Резиденција" и „СОС Линија за помош". НВО Отворена порта помина низ темелна проценка на нејзините организациски капацитети, базирана на пристапот на Интегрираниот организациски модел (ИОМ). Врз база на наодите од индивидуалната проценка на потребите, тимот за проценка на МЦМС ја класифицираше НВО Отворена порта во највисоката група на НВО, според нејзиното ниво на развој.

По завршувањето на проценката, МЦМС подготви сеопфатна програма за јакнење на капацитетите, која беше имплементирана во периодот мај – септември 2007. Оваа програма за обука придонесе кон подобрувањето на внатрешните системи, процедури и организациската структура, со цел поефикасно да се дојде до одржливост на двете главни интервенции на организацијата: Резиденција и СОС Линија за помош, како и да се отвори дискусија внатре во организацијата и помеѓу главните партнери за предизвиците кои би се јавиле со завршувањето на подршката од донаторите на овие два големи проекти и да се одлучи за среднорочните перспективи на организацијата.

## Координација и соработка со националните партнери во борбата против трговијата со луѓе

Министерството за внатрешни работи, Министерството за труд и социјална политика и Координативната канцеларија на Националниот механизам за упатување се едни од најважните партнери на Резиденцијата. Овие институции покажаа големо разбирање и пружија постојана поддршка за активностите кои беа спроведени

од страна на персоналот на Резиденцијата.
Постојано беше работено начините за подобрување на соработката и координацијата помеѓу клучните партнери во оваа област, а блиски контакти беа востпоставени и одржувани на редовна основа. Формализираната соработка се сметаше за суштествен дел од овој проект и фундаментален за зајакнување на достапноста до заштитата и помошта за тргуваните жртви. Така, постојано се работеше на продлабочувањето на соработката со националните партнери во борбата против трговијата со луѓе. Како резултат, НВО Отворена порта ја формализираше соработката со неколку владини и невладини организации, што придонесе кон значајно подобрување во процесот на идентификација, помош и заштита на жртви од трговија во државата.

## Конференции за борба против трговија со луѓе и поврзување

Персоналот на Резиденцијата учествување на серија регионални и домашни конференции, работилници и координативни состаноци на разни тематики кои се однесуваат на борбата против трговијата со луѓе. Учеството на овие настани беше од искллучителна важност за успешната имплементација на проектните активности и промоцијата на активностите на Отворена порта. Овие конференции и состаноци овозможија ефективен форум за дебата, дискусија и размена на информации за новите трендови во директната помош за жртви на трговија и постигнувањето на подобро поврзување помеѓу клучните партнери од регионот и земјата. НВО Отворена порта активно учествуваше во сите овие настани и ги искористи како повод за ефикасно промовирање на „Резиденцијата“ како една од водечките установи во пружањето на помош на жртви во регионот.

## НВО Отворена порта и МТСП потпишаа Меморандум за соработка

На 14 јуни 2006, НВО Отворена порта и Министерството ги финализираа преговорите за соработката при пружањето помош на жртви од трговија и потпишаа Меморандум за соработка (МзС). Странките на МзС се согласија дека ќе соработуваат и споделуваат информации со цел „...развивање на стандардни оперативни процедури за упатување на потенцијални и претпоставени жртви на трговија – државјани на Република Македонија, до специјализирани услуги, на начин кој овозможи зажтита и унапредување на човековите права за сите лица што се подложни на трговија, без оглед на нивната националност, етничка припадност, возраст и пол.„

Покрај упатувањето на жртви во прифатилиштето на Отворена порта, Министерството за труд и социјална политика, преку Координативната канцеларија на Националниот механизам за упатување (НМУ) ќе спроведува проценка на потребите на жртвите, ќе ги информира за нивните права и статус, ќе го следи процесот на ресоцијализација, ќе прибира информации за судските и управните постапки и ќе соработува со соодветните структури при давањето правна помош.

## МзС помеѓу Министерството за внатрешни работи и Отворена порта

Потпишувањето на МзС со Министерството за внатрешни работи беше еден од главните приоритети за Отворена порта. Како резултат на редовната соработка на конкретни случаи на трговија, како и врз основа на важноста од потпишувањето на МзС во формализирањето на соработката, истиот беше потпишан на 1 март 2007.

Странките во МзС се согласни дека ќе соработуваат и разменуваат информации со цел да го подобрат првичниот прием, заштита и помош за жртвите на трговија кои се од Република Македонија, преку регулирање на обврските и соработката помеѓу странките вклучени во идентификацијата, сместувањето и помошта.

Претседателот на Отворена порта и Министерот за внатрешни работи ги размениjа потпишаните МзС на Конференцијата за борба против трговија со луѓе, организирана од Националната комисија, со поддршка на Претседателот на Владата на Република Македонија.

### Проширување на СОС Линијата за помош

Линијата за помош беше основана во 2002 и оттогаш таа претставува важна алатка за превенција и подигање на свесноста во борбата против трговијата со луѓе во земјата. Истата им пружа на потенцијалните и актуелните жртви на трговија и нивните семејства советување и информации за различни теми, како што се совети за безбедноста при работа во странство, интервенција во криза, емоционална и психосоцијална помош, правно советување и упатување до обезбедувачи на услуги во земјава, и сето тоа на неколку јазици.

Од 2006, линијата за помош беше проширена, а услугите кои ги дава тимот од искусни оператори станаа достапни 24 часа на ден. Ваквото проширување на СОС Линијата за помош побарување дополнителни услови и опрема за поддршка, со цел да се овозможи соодветно дневно функционирање на канцеларијата и зголемена ефикасност на операторите. Опремувањето на новите простории и набавката на канцелариска и техничка опрема беше направено со помош од донаторите (УСАИД Македонија и Мисијата на ОБСЕ во Скопје).

Имајќи ја предвид важноста од достапноста на податоци за различните форми на трговија со луѓе за професионалците кои работат на оваа проблематика, НВО Отворена порта направи големи напори да ја подобри статистичката база на податоци на линијата за помош. Нов компјутеризиран софтверски систем за регистрирање на повици од клиентите беше развиен и инсталиран, со што значително се подобри процесот на прибирање на податоци, квалитетот, сеопфатноста и споредливоста на таквите податоци и анализи кои се однесуваат на трговијата со луѓе.

## 3.2 Работа со жртвите

### Психолошка состојба на жртвите од трговија

Од досегашната работа и искуствата со жртви ќе се обидеме на кратко да ја опишеме нивната психолошка состојба и нивните реакции откако ќе пристигнат  во прифатилиштето. Психолошката состојба може да се опише во 4 фази:

– Првата реакција на жртвите на трговија најчесто е страв, шок, лутина, чувство на беспомошност, вина и себеобвинување. Жртвата може да пројавува бес и агресија кон другите, вклучително и оние кои се обидуваат да и помогнат.

– Втората фаза претставува период на дезорганизација. Психолошките состојба може да се изрази низ ноќни мори кои се повторуваат, депресија, страв, зголемен стрес, самопотценување и губење на довербата кај другите. Жртвата се повлекува од надворешниот свет (се изолира) и ја избегнува секоја ситуација која е поврзана со преживеаните настани.

– Следниот период е фазата на реконструкција на случувањата и прифаќање на ситуацијата и состојбата во која се наоѓа. Прифаќањето на фактот дека инцидентот се случил е од огромна важност за опоравувањето и процесот на оздравување.

По преживеаното искуство некои од жртвите не се во состојба јасно да се соочат со она што им се случило или пак се плашат да објаснат одредени делови од нивната приказна. Многу често чувствуваат вина и се самообвинуваат. За жртвата да ја каже ,,вистинската приказна,, потребно е да и дадеме време и доверба. Тоа е еден од нашите принципи на работа и досега се покажал како многу успешен. Дури и кога постојат недоследности или празнини во приказната, не мора да значи дека лицето не е жртва или пак дека намерно лаже. При обавување на разговорите стручните лица треба да установат дали до некои недоследности дошло заради тоа што жртвата сака да заштити некој, или пак можеби заради тоа што сеуште не се чувствува доволно слободна да ги опише сите околности и случувања кои ги преживеала.

За жртвата да прифати да зборува за трауматичното искуство што претставува чекор во процесот на „излекување" потребно е повторно да се развие чувството на личен идентитет. Односно кај неа треба повторно да се врати чувството на контрола, да се чувствува сигурна и безбедна, прифатена од другите т.е. околината.

Многу е важно од неа да не бараме својата приказна да ја раскажува повеќе пати на различни лица.

Процесот на терапија и опоравување бара на жртвите да им дадеме доволно време и слобода за да го прифатат негативното искуство и да го интегрираат во својот живот. Потребно е да го реконструираат чувстото за себе и нивните односи со другите и општествениот систем.

Откако жртвите ќе се почувствуваат сигурно и безбедно, дека сепак некој се грижи за нив, дури тогаш постепено осознаваат за големината и тежината на она што го преживеале. Тогаш започнуваат да се јавуаат трауматските симптоми, познати како Пострауматско стресно растројство. Трауматските симптоми се слични на менталните заболувања, но сепак станува збор за две различни дијагнози кои бараат различен третман. Најчести симптоми се кошмари, ноќни мори, флеш бекови сврзани со траумата што ја преживеале.

## Психолошки третман

Психолошкиот третман за справување со траумата вклучува:

– вежби за релаксација, емоционална поддршка, внимателно слушање и разговори за проблемот, сугестии за идните планови и конкретни акции.

– психолошко советување и рехабилитација за ослободување од трауматските искуства и флексибилност во однесувањето, конструктивна комуникација, толеранција и информации и советување за подобра комуникација и односи со семејството.

– реинтеграција на жртвите со употреба на окупациона терапија (во зависност од афинитетите и потребите на жртвата) игри, цртање, читање, работење (шиење, изработка на накит, готвење), учење и сл.

– индивидуална психотерапија со клинички психолог

– средби со психијатар.

**Одморите во 2006 и 2007**

Штитеничките од Резиденцијата во летниот период во 2006 и 2007 беа однесени на летен одмор покрај езеро. Оваа одлука беше прифатена со огромно воодушевување и благодарност од нивна страна.
Одморот помина во одлично расположение и атмосфера затоа што сето тоа на еден начин беше нешто ново и непознато за нив со оглед на фактот од каква средина и семејства доаѓаат и со самото тоа што никогаш не биле на одмор. Штитеничките уживаа во секој момент поминат таму, но, најмногу им се допаѓаше периодот кога одевме на плажа. За време на нивниот престој во Дојран имаше одлична комуникација меѓу нив и многу брзо се прилагодија на условите на престој иако на самиот почеток беа доста срамежливи од другите посетители мислејќи дека сите гледаат во нив и знаат за нивното минато. Сето тоа успеаја да го надминат со наша помош и разговори за на крајот одлично да се вклопат во средината и се чувствуваат како дома. Ова искуство беше многу добро и за вработените во Прифатилиштето, пред се, затоа што придонесе подобро да се запознаеме меѓу себе надвор од работните обврски и работната средина како и да ја продлабочиме нашата комуникација со штитеничките и повеќе да се здобиеме со нивната доверба.
Со оглед на психолошката состојба во која се наоѓаат штитеничките, ваквите излети во природа се повеќе потребни, им помагаат во надминување на трауматските искуства и воспоставување на психолошка рамнотежа.
Оваа активност влијаеше доста позитивно на нивниот живот затоа што особено помогна во нивната понатамошна социјализација и ресоцијализација.

Во досегашната работа со сите жртви потребни беа долги интервјуа и разговори, особено со потешките и сложени случи кои бараат максимален напор за жртвата повторно да ја стекне вербата во себе и другите. Работата продолжува со подигнување на свеста и овозможување на жртвата да се соочи со реалноста, а нашите напори се насочени да ги заштитиме да не завршат повторно како жртви повторно. Нашата работа е главно фокусирана на рехабилитација, ангажирање (окупациона терапија) и реинтеграција на жртвите на трговија со луѓе.

## Учеството и активноста на психологот

Во текот на една година учеството на психологот во третманот на штитеничките сместени во прифатилиштето на Отворена Порта – Ла Страда се сведуваше на патронажни посети еднаш неделно. Во понатамошниот период се сведоа на две патронажи месечно. Во текот на посетите, со третман се опфатени сите штитенички кои во моментот биле присутни. Најповеќе станува збор за четири штитенички кои во прифатилиштето

се сместени долгорочно. Во меѓувреме се појави потреба од дополнителна интервенција во која што беше вклучен и психијатар поради неопходна фармаколошка интервенција.

Патронажите се сведуваат на индивидуален пихотераписки третман и повремени групни психотераписки сеанси. Разгледувани се индивидуално конкретните акутни проблеми кои условуваат отстранување во сферата на психата и психологијата. Со оглед на возраста на штитеничките што подразбира незавршен матурационен период пристапот во однос на развивање позитивен трансфер и контра трансфер се одвива спонтано и дозирано. Во главно доминираат проблемите врзани за травматските доживувања кои претходат на овој престој. Честото пројавување на флеш бек (flash back) епизодите како во будните така и во состојбите на сон придонесува за осцилациите и модификациите на психичката состојба и поведението на штитеничките. Со оглед на возраста меѓу доминантната проблематика се и динамските неразрешени конфликтни релации најчесто–семејство. Превземени се мерки за консолидирање на одбрамбените можности секако земајки ги во предвид и можностите кои ги дозволува возраста. Успехот како во однос на индивидуалните така и групните третмани е задоволувачки со оглед на срушените бариери во однос на семејствата манифестирани низ веќе реализирани посети. Постигнати се успеси во однос на ресоцијализацијата во средината каде се создадени отпори врз основа на травматските доживувања. Разгледувани се желбите, афинитетите како и проценка на можностите и способностите за осамостојување. Воочувани се бариерите кои се конфронтираат со желбите. Инсистирано е на усогласување на мненијата на персона лот и семејствата и усвојување на сугестиите. Постигнати се релативно задоволувачки резултати кои се манифестираат низ реално согледување на можностите и истрајување од страна на штитеничките. Мошне успешни резултати се постигнати со една од штитеничките кај која е постигната психичка состојба до стабилност да речиси комплетно се ресоцијализира во сосема друга средина. Постигнато е да индивидуата по долгогодишен психофизички и во главно сексуален терор и злоупотреба е апсолутно способна за самостојно живеење кое ќе и овозможи егзистенцијална безбедност. Би биле крајно задоволни ако и останатите случаи завршат со ваков исход.

Преку сугестии основани на практичното искуство, врз семејствата, нивниот однос кон штитеничките, преку сугестии за влијанија врз високите државни инстанци и центрите за социјална работа, е постигната релативна стабилизација и доверба од страна на штитеничките.

Соработката продолжува во термините два пати месечно во консултација со психијатар и на располагање за ургентна, инцидентна соработка.

## Видови на семјества

Кога станува збор за семејствата на жртвите од трговија со луѓе, двегодишното искуство покажува дека истите имаат потекло од дисфункционални семејства, кои се со низок материјален

статус. Најчести проблеми кои се јавуваат и кои доведуваат до дисфункционалност на семејството се: татко – алкохоличар, развод помеѓу родителите, невработеност на родителите, поголем број на деца во семејството, низок образовен степен на родителите, нарушени односи меѓу родителите, неизградени односи родител – дете.

Неизградениот однос помеѓу родителите и децата уште од најрана возраст, низ текот на времето се продлабочува и родителите се соочуваат со проблемот на недостаток на начин како да го насочат детето, како да воспостават контрола над него тогаш кога е најпотребна, односно во периодот од 15–18 год.

Дополнителен фактор на сето ова е нискиот материјален статус на семејствата, имено поголемиот број семејства се корисници на социјална помош и единствен извор на егзистенција е помошта без никакви други примања или дополнителна заработка.

Што се однесува до контактите со семејствата, во текот на целокупниот престој истите се остваруваат, се продлабочуваат, стануваат се поблиски едни на други, односно би спомenale дека по периодот на адаптација и утврдување на релациите во семејството започнуваме и работа со семејствата на клиентките. Уште со самото предавање на лицето во прифатилиштето стапуваме во контакт со семејството, со цел да му пренесеме на семејството дека лицето е на сигурно место, дека ќе се грижиме за него, дека ќе бидеме во постојан контакт.

Имено контактите се сведуваат на: телефонски контакти и средби со семејството. Телефонските контакти се остваруваат еднаш неделно, во претходен договор со координаторот на проектот. Во текот на телефонските разговори претежно клиентите накратко зборуваат за тековни работи,информации кои треба да ги добијат во врска со семејството,случувањата во текот на неделниот период. Разговорите траат во зависност од желбата на клиентот,истите се на сметка на службените телефони кои се користат во прифатилиштето.

Средбите со семејствата се сведени на една средба месечно,освен со исклучок кога има потреба за втора или трета средба во зависност од случајот. Средбите се договараат ден–два однапред,се остваруваат на трета локација надвор од прифатилиштето. На секоја средба клиентите се во придружба на вработените во прифатилиштето. Во текот на средбите од наша страна го информираме семејството за активностите кои ги превземаме во врска со клиентот, го известуваме семејството за однесувањето на клиентот во прифатилиштето, при што ги потенцираме позитивните промени и случувања со цел да се нагласи позитивно чувство и позитивна слика за клиентите.

Во текот на средбите оставаме и простор за разговори во врска со случувањата во семејството, покажуваме интерес од наша страна дали нешто се променило во позитива во семејството, доколку од нас се бара нудиме совети како да се надмине кризата во семејството и сл. Средбите траат околу 2–3 часа.

Што се однесува до соработката со семејствата, наидуваме на најразлична соработка во завис-

ност од случаите и функционалноста на семејството. Доколку лицето кое било жртва е прифатено од страна на семејството, соработката започнува и тече без проблем, лицето има разбирање и поддршка од семејството. Контактите започнуваат веднаш по доаѓањето. Во ваквите случаи, семејството е спремно за соработка, отворено зборува за проблематичната ситуација,свесно е дека е потребна стручна помош при надминување на кризата.

Во помалиот број случаи се јавува и проблемот кога лицето кое било жртва, не е прифатено од семејството. Кога станува збор за вакви случаи, првенствено преку податоци за семејството, стапуваме во контакт со родителите со цел да се увиди проблемот во комуникацијата и да се разреши проблематичната ситуација. Во текот на досегашната работа, постигнати се низа успеси, остварени се контакти, започната е и подобрена комуникацијата со ваквите семејства. Со текот на времето, семејството станува свесно за проблематичната ситуација која настанала, успева да се соочи со неа и успешно да ја намине. Исто така, битен фактор е тоа дали клиентот ја има поддршката на семејството околу времетраењето на престојот, особено кога станува збор за малолетни корисннички кои се вклучени во образовниот процес и истиот процес бара да се работи подолг временски период.

Доколку семејството го поддржува клиентот да остане во прифатилиштето подолго време заради постигнување одредени цели, престојот се одвива без проблем,контактите се остваруваат и успешно се работи на случајот. Во спротивно,доколку од семејството недостасува поддршката, клиентите стануваат колебливи,сакаат што побрзо да го напуштат прифатилиштето и услугите што ги нудиме.

Улогата на Центрите за социјална работа (ЦСР) мора да биде нагласена. Социјалните работници од ЦСР играат мошне значајна улога во целиот процес на рехабилитација. Покрај тоа што тие претставуваат мошне важна точка на упатување, ЦСР се исто така мошне значајни кога станува збор за проценката на способноста на семејството да ја прифатат жртвата во градот на живеење и да и помогнат во реинтеграцијата во заедницата.

## Образование

Што се однесува до образованието на штитеничките сместени во Прифатилиштето најчесто дел од нив се со завршено четврто одделение или пак основно образование, иако возрасно не соодветствуваат со степенот на образование. Причините за ваквиот низок степен на образование се најразлични. Најчесто тоа е поради:

– Недостиг на финансиски средства;
– Немање на дозвола од родителот да се продолжи со школување со изговор дека тоа не е потребно;
– Недостаток на волја и желба за учење;
– Амбиентот на средината во која е растена штитеничката;
– Образовниот статус на родителите итн.

Во рамките на нивниот престој во Прифатилиштето се работеше на нивното дообразование, се разбира, во согласност и желба од нивна страна. Некои од девојчињата посетуваа вечерно училиште, други вонредно полагаа испити во средното училиште. Исто така дел од девојчињата посетуваа и најразлични курсеви за фризери, шминкери, козметичари, шивачки итн. Исто така, во рамките на нивниот престој изработуваа и најразличен накит од монистри, цртаа цртежи, итн.

## Регионална велосипедска трка

Во периодот од 17 до 24 септември 2006 беше одржана регионална велосипедска тура. Тоа е унија од волонтери, составена од различни невладини организации од регионот. Учесниците беа од Албанија, Косово, Македонија, Норвешка, Бугарија и Албанија. Во соработка со владините институции на секоја од споменатите земји, интернационалниот велосипедски тим учествуваше во изградбата на видлива бариера за спречување на феноменот на трговија со луѓе.

Целта на овој настан беше подигнување на јавната свест и нагласување на проблемот трговија со луѓе од аспект на кршење на човековите права, како и собирање на средства кои ќе бидат употребени за поддршка на жените–жртви на насилство и трговија со луѓе кои се сместени во Прифатилиштето на Отворена Порта.

Секоја држава учествуваше со по 4 постојани велосипедисти кои ја возеа целата маршрута од Тирана до Букурешт. На оваа Регионална Велосипедска тура учествуваа следниве невладини организации: Norwegian Aid, Норвешка; The Door, Албанија; Отворена порта, Македонија; Владата на Косово; The Door, Романија; 22–то средно училиште, Софија, Бугарија; 54–то средно училиште, Софија, Бугарија; приватното училиште „Св. Кирил и Методиј", Софија, Бугарија; средното училиште „Емилијан Станев" Велико Трново, Бугарија.

Во Скопје, велосипедистите пристигнаа на 20 септември 2006. Централниот настан се одржа во 11 часот на паркингот пред Олимписки базен, а заврши во Градскиот парк. Трката беше од отворен карактер, што значи сите заинтересирани можеа да земат активно учество.

Во вечерните часови со почеток во 19 часот во Музејот на град Скопје се одржа аукција на која се продаваа уметнички слики, скулптури, рачни ракотворби, накит кој пак беше изработен од страна на штитеничките кои се сместени во Прифатилиштето. Исто така, мора да се спомене дека храната која беше подготвена за аукцијата беше направена од страна на штитеничките.

На аукцијата беа присутни претставници на меѓународни организации, амбасади, владини институции, домашни невладини организации и истакнати личности од политичкиот и јавниот живот во нашата држава.

Сите парични средства што беа собрани на аукцијата беа наменети за жртвите на трговија со луѓе сместени во Прифатилиштето на Отворена Порта.

Овој проект финансиски беше поддржан од: Министерството за Надворешни работи на Норвешка (Проектот во Македонија беше имплементиран под покровителство на Отворена Порта–Ла Страда Македонија, а со финансиската поддршка учествуваше и Македонската компанија Т–мобиле којашто покри дел од трошоците).

## 3.2 Статистички податоци

Од отварањето на Прифатилиштето згрижени се вкупно 25 клиенти. Податоците за клиентите во Резиденција се чуваат доверливо.

Класификација на сместени клиенти врз основа на агенцијата која го извршила препраќањето:

- НМУ 11
- МВР 23
- ЦСР* 1
- СОС Линија 2
- НВО од регионот 1
- Меѓународни организации 1

Класификација на сместени клиенти врз основа на нивната возраст:

- Од 12 до 18 години 16
- Од 19 до 28 години 15
- Над 28 години возраст 8

Класификација на сместени клиенти врз основа на нивната етничка припадност:

- Македонска 14
- Албанска 19
- Ромска 5
- Турска 1

Класификација на сместени клиенти врз основа на нивното ниво на образование:

- До 4 одделение 9
- До 8 одделение 13
- Средно образование 7
- Високо образование 2
- Без образование 3
- Непознато 5

Класификација на сместени клиенти врз основа на нивните семејства:

- Семејство кое прима социјална помош 26
- Семејство со два родители 17
- Семејство со еден родител 9
- Сопствено семејство 1
- Семејство каде таткото е алкохоличар 5
- Семејство каде мајката е алкохоличар 1
- Семејно насилство 9
- Сексуално злоупотребување во детство 3

Од вкупно 39 клиентки асистирани во прифатилиштето, 5 се запишале и успешно завршиле курсеви за професионално оспособување (3 завршиле курс за фризери, а по една завршила курс за козметичари и курс за шивачи).

# 4. ШТО ВЕЛАТ ДРУГИТЕ ЗА ПРОЕКТОТ „РЕЗИДЕНЦИЈА“

## 4.1 Сектор за трговија со луѓе, Министерство за внатрешни работи

Соработката на МВР – Секторот за борба против трговијата со луѓе и НВО Отворена Порта – Ла страда започна во 2003г. Во почетокот беше насочена на размена на информации за потенцијалните жртви од трговијата со луѓе. Соработката се унапреди со зголемување на капаците–

* Жртвите идентификувани од ЦСР, вообичаено се препраќаат до прифатилиштето од страна на Координативната канцеларија на НМУ, но, во овој случај Канцеларијата сеуште не беше оперативна.

тите на НВО а особено со Проектот Резиденција поддржан од Мисијата на ОБСЕ во Скопје и УСАИД Македонија. Активностите на прифатилиштето за жтрви од трговија со луѓе на НВО Отворена порта се од битно значење за добро функционирање на МВР од аспект на прифаќање, засолнување и пружање поддршка на потенцијалните жртви и жртви на трговија – домашни државјанки.

Во изминативе две години 2005– јуни 2007г МВР упати 23 потенцијални и идентификувани домашни жртви на трговија со луѓ на кои им беа овозможени најразлични услуги што ги нуди прифатилиштето.

Жртвите беа придружувани и поддржувани од обучени лица на НВО Отворена порта ђ Ла страда за време на нивниот престој во Резиденција, како и при разговори организирани од наша страна за добивање на дополнителни а потребни информации во врска предистражната постапка при што и самите жртви го имаа потребното чувство на доверба и сигурност која е особено битна за нив самите.

Значајно и за одбележување е и нивната придружба и добиената поддршка на судските расправи која е битна кога жртвите се јавуват како сведоци во кривичната постапка.

Како резултат на наведените активности кои течеа во изминатите години по взаемен усмен договор, за одбележување е потпишувањето на меморандумот за соработка кој претставува официјализирање на соработката со МВР – Секторот за трговија со луѓе и НВО кој во наредниот период секако ќе се унапредува и усовршува. Активностите на НВО се забележителни и во нивното партиципирање како членови на Подгрупата за борба против трговијата со деца и учество во изготвување на Акциониот план за борба против трговија со луѓе / деца.

Во однос на организирање на едукации и семинари заложбата на Отворена Порта беше насочена и во насока на градење на капацитетите на МВР со организирање на циклус семинари за ОСЛ на МВР за проблематика на трговијата со луге / деца промовирајки ја при тоа активноста и капацитетите на прифатилистето Резиденција.

Санија Бурагева
Главен инспектор во Сектор за трговија со луѓе и
Претседавач на Подгрупа за борба против трговија со деца

## 4.2 Набљудувачка мисија на ОБСЕ во Скопје

За време на 2002 и 2003 година, ОБСЕ прими неколку извештаи за број на случаи каде девојки и млади жени беа пријавени како исчезнати. Овие извештаи доаѓаа од различни локални НВО; локални медиуми, но, исто така и од активностите поврзани со следење на судски случаи кои ги имплементираше ОБСЕ. Во сите овие случаи, македонски државјани беа жртви на овој ужасен вид на криминал – трговија со луѓе. За време на овој период, и врз основа на ваквите информации, но, и на други извештаи од други меѓународни организации, ОБСЕ процени дека повеќе од 30 случаи беа откриени, кои вклучуваа македонски жртви на сексуална експлоатација за комерцијални цели.

Еден од првите чекори кои ги превземаат жртвите кои сакаат да побегнат од контролата на трговците, е да побараат сигурно и безбедно прибежиште. Недостатокот на такво прибежиште, честопати резултираше со враќање на жртвите кај оние што ги злоставувале поради страв од насилство и поради заплашувањето на кое биле подложени.

Проектот Резиденција беше особено дизајнирани за ваква цел – да ја пополни празнината на непостоењето на услуги за заштита и помош за тргувани жртви. Резиденцијата претставува првото прифатилиште во земјата кое е менаџирано од НВО и кои се осврнува кон итните потреби на тргуваните лица, особено на малолетници и државјани на земјата, преку пружање на пристап до основни потреби, како што се сместување, храна, информации, правна помош, здравствени услуги и работна обука.

Борбата против трговијата со луѓе бара сеопфатен пристап. Затоа, подеднакво се фокусираме на трите основни камен–темелници на нашата политика за борба против трговијата со луѓе – превенцијата, заштитата и гонењето. Пред сите нив, се наоѓа заштитата на човековите права и безбедноста.

Основањето на прифатилиштето не беше едноставна задача. Имајќи предвид дека ова е прва ваква иницијатива во земјата, моравме да се соочиме со бројни предизвици, во смисла на бирократија и администрација. Дополнително на ова, поминавме низ долг процес на проценка на прашањето за видот на прифатилиште кое би било најдобро за условите во земјата. Дел од оваа продуктивна проценка вклучување и серија на студиски посети во прифатилишта во регионот: Косово, Србија, Романија, Албанија, итн.

Без сомнение, оваа иницијатива придонесе да се подобри помошта која се пружа на тргуваните жртви, но, исто така да се подобри и прибирањето на информации и соработката помеѓу државните партнери и НВО. Имено, од огромна корист е тоа што Министерството за внатрешни работи и Министерството за труд и социјална политика потпишаа Меморарандум за разбирање со една НВО, и истото придонесува кон подобрувањето на односите помеѓу НВО и Владата.

Сеопфатната програма за превенција и заштита на Отворена порта, вклучувајќи ги тука и СОС Линијата за помош и скорешното вклучување во НМУ, придонесува кон одговорот на земјата кон овој вид на организиран криминал. Неколку проценки на проектот покажуваат дека Резиденцијата се смета за една од најрелевантните и најсоодветните установи од овој вид во регионот.

Како и да е, сеуште постојат повеќе предизвици кои останува да бидат решени од НВО и Владата, како што се, дополнително подобрување на долгорочната самоодржливост, Владината подршка и ресурси, итн.

Моника Портиљо
Шеф на програмата за борба против трговија со луѓе
Набљудувачка мисија на ОБСЕ во Скопје

## 4.3 Координативна канцеларија на НМУ, Министерство за труд и социјална политика

Министерството за труд и социјална политика континуирано иницира и реализира активности содржани во Стратегијата и Националната програма за борба против трговија со луѓе и илегална миграција.

Во овој контекст од септември 2005 год. функционира канцеларија на Националниот механизам за упатување формирана во рамките на проект кој што го реализира Министерството за труд и социјална политика ђ Одделение за родова рамноправноста и Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција во соработка со мисијата на ОБСЕ во Република Македонија. Во овој проект вклучени се Центрите за социјална работа, Единиците на локалната самоуправа, локалните институции, Невладини организации, Сојузот на организации на социјалните работници и Комисиите за еднакви можности на жените и мажите.

Канцеларијата за упатување на жртви на трговија со луѓе промовира една добра пракса на демократско градење на институции, преку унапредување и координирање на ефективните врски помеѓу државните институции и граѓанското општество.

Во таа насока, Министерството за труд и социјална политика потпиша Меморандум за соработка со НВО Отворена порта со цел развивање на систем на координирано упатување, помош и заштита на потенцијалните и идентификувани жртви на трговија со луѓе. Фактот што досега во прифатилиштето на Отворена порта преку канцеларијата на НМУ упатени се 11 лица зборува за добрата соработка, меѓусебна доверба и перманентната комуникација.

Цврсто сме убедени дека воспоставената партнерска соработка ќе продолжи да се развива и понатаму .

Светлана Цветковска
Координатор на канцеларијата НМУ

## 4.4 Национална комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција

Националната Комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција во рамки на своите помошни тела, Секретаријатот и Подгрупата за борба против трговија со деца остварува успешна соработка со Невладината Организација Отворена Порта– Ла Страда Македонија. Оваа соработка особено се продлабочи на почетокот на 2007 година кога новото раководство на Националната Комисија успеа да издејствува потпишување на долгоочекуваниот Меморандум за разбирање од областа на заштита и засолнување на жртви на трговија со луѓе помеѓу Министерството за внатрешни работи и НВО Отворена Порта – Ла Страда Македонија. Чинот на потпишувањето се одржа непосредно пред започнувањето на Конференцијата за дефинирање на поимот на жртва на трговија со луѓе во Владата на Република Македонија во присуство на Претседателот на Владата, ресорни министри, висо–

ки дипломатски претставници како и експерти од владини, невладини и меѓународни институции. На овој начин всушност се официјализира соработката помеѓу НВО Отворена Порта и МВР во интерес на заедничката борба на цивилниот и институционалниот сектор во Република Македонија против трговијата со луѓе.

НВО Отворена Порта активно учествува во реализацијата на проектите на Националната Комисија од областа на регионалната и меѓународната соработка. Тоа најдобро се покажува преку учеството на претставник од НВО Отворена Порта во националната делегација задолжена за креирање на Транснационланиот Механизам за Упатување на жртви на трговија со луѓе за земјите од Југоисточна Европа.

Искуствата кои Националната Комисија ги има добиено од НВО Отворена Порта кои се однесуваат на работата на прифатилиштето се од исклучително значење. Врз основа на податоците од работењето кои се разменуваат се креираат анализи со чија помош се добива појасна слика од аспект на жртвата во целиот процес на трговијата со луѓе, информации кои се суштински за понатамошните судски разрешници.

Соработката помеѓу Националната Комисија и НВО Отворена Порта во иднина има потенцијал уште повеќе да биде продлабочена во интерес на граѓаните на Република Македонија. Националната Комисија длабоко е уверена дека успехот во соработката со НВО Отворена Порта ќе биде зголемен не само преку курентните точки на соработка туку дека со заеднички сили ќе се настапи и во делот на превенција и едукација на оние категории на граѓани од кои најчесто се регрутираат жртвите на трговија со луѓе.

Киро Тодоровски
Секретар на Националната Комисија
за борба против трговија со луѓе и илегална миграција

## 5. ПРЕДИЗВИЦИ

Механизмите на Обединетите нации (ОН) предвидуваат правата на жртвите да бидат третирани со почит и достоинство. Според инструментите на ОН, жртвите имаат право на пристап до сите механизми кои овозможуваат сигурен и навремен надомест на штетите, на начин кој е одреден со законодавството на земјата. Човековите права им припаѓаат на сите, без оглед на полот, возраста и националната припадност.

Невладините организации честопати се првите институции кон кои жртвите на трговија се обраќаат за помош и каде што се согласуваат да учествуваат во програми за поддршка и заштита. Отворена порта им пружа на жртвите сместување во своето прифатилиште, правен совет, медицинска и психолошка помош, а до одредена мерка може да ги поддржи жртвите и во процесот на рехабилитација и општествена интеграција. Размерот на ваквата помош е, сепак, ограничена од финансиските ресурси на организацијата и од мноштво други фактори. Отворена порта е во можност да одговори на ваквите потреби преку воспоставување и развој на соработка со други НВОи од земјава и странство, како и со Националниот механизам за

упатување и Секторот за борба против трговија со луѓе при МВР. Сепак, одредени прашања остануваат да бидат предизвика за државата воопшто, но и одделно за НВО.

## 5.1 Правни предизвици
## Право на кривична постапка

Многу меѓународни инструменти, а особено член 2 од Европската конвенција, одредуваат дека жртвата има право на соодветна, ефективна и брза истрага. Цела листа на права на жртвата во врска со учеството во кривичната постапка произлегуваат од овој важен принцип. Дел од нив се: правото на правен застапник, правото на присуство за време на главниот претрес, правото на превод, правото на надомест на штети, правото на затворено судење и други.

Сепак, правото на кривична постапка мора да биде почитувано заедно со мерките кои ја штитат приватноста и идентитетот на жртвата. Ова може да се постигне со чување на постапките во доверливост, но, сепак во согласност со домашното законодавство. Ова може да се однесува на исклучувањето на јавноста, или, пак, на претставниците од медиумите, или, пак, преку поставувањето на ограничувањето на пристап до одредени информации, како што се деталите кои може да доведат до идентификување на жртвата во јавноста.

Во периодот помеѓу 2003 и 2006, Отворена порта пружи правна помош на 15% од вкупниот број на жртви кои беа сместени во прифатилиштето, преку овозможување на правно застапување на бранење на интересите на жртвите од трговија.

Кога кривичната постапка е започната и истата се однесува на клиент сместен во прифатилиштето, тимот на Отворена порта пружа емотивна, психолошка, социјална поддршка на жртвата. Тимот и помага на жртвата во надминувањето на стравот од соочувањето со криминалецот, стравот од вклучувањето назад во семејството и заедницата. Вообичаено жртвите имаат страв од судот. Отворена порта се обидува да им помогне да го надминат тоа. На жртвите им се објаснува дека во фазата на главниот претрес жртвата се јавува само како сведок и оштетена странка, а не како обвинета, и дека не присуствува на судење кое е насочено против неа.

Жртвата–сведок се информира дека таа има право да не дава лични информации, доколку постои веројатност дека со тоа ќе се изложи себеси или блиска личност на сериозна закана по нејзиниот живот, здравје или физички интегритет преку давањето на одговор на одделно прашање. Жрвата се советува дека има право на преведувач. Кога жрвтата се доведува во опасност преку давањето на изјава во кривичната постапка, посебни мерки за заштита се обезбедуваат за жртвите/сведоците.

## Право на надомест

Правото на надомест се овозможува, во задолжителна форма, преку Протоколот од Палермо. Сепак, протоколот не гарантира дека жртвите ќе добија компензација или надомест, туку дека ќе постојат постапки преку кои ќе може да се

побарува компензација или надомест. Во Македонија, според домашното законодавство, надоместот на штетите се постигнува преку најава на барање за надомест за време на кривичната постапка. Барањето за надомест се поднесува до судот во кој се води случајот.
Отворена порта ги советува клиентите за ова право во секој случај. Вообичаено ова се случува за време на судската постапка, а барањето на надомест се поднесува од страна на правниот застапник. Судот треба да одлучи за усвојувањето на барањето за надомест и за вредноста, заедно со одлуката за случајот. Во Македонија, повеќето од проблемите се јавуваат при усвојувањето на вредноста на надоместот за претрпената нематеријална штета, особено поради недостатокот од пракса во областа на трговијата со луѓе. Имено, вредноста на надоместот вообичаено е одреден според минатите, сегашните и идните загуби и трошоци поврзани со тоа да се биде тргуван, со претрпената физичка и психичка болка, но, исто така и со претрпениот страв, пост трауматскиот стрес и други фактори кои може да бидат одредени само од страна на експер. Експертот вообичаено се среќава со жртвата и ги спроведува релевантните физички и психолошки прегледи. Сведочењето на експертот претставува клучен доказ во постапката и при одредувањето на вредноста на доделениот надомест.
Отворена порта ги подготвува жртвите секогаш кога има потреба тие да поминат низ ваков вид на прегледи и состаноци со експертите. Жртвите вообичаено покажуваат отпор кон лицата кои не припаѓаат на персоналот на прифатилиштето и кон дискутирањето на претрпената болка и страв со нив. Отворена порта ги придружува жртвите за време на прегледите.
Во само еден случај, жртва која била сместена во прифатилиштето добила надомест на штета. Пресудата е извршна и се очекува нејзиното извршување.

## Право на заштита на сведок/жртва

Конвенцијата против транснационалниот организиран криминал и протоколот за трговија со луѓе содржат неколку членови кои се однесуваат на заштита на жртвите, при што некои од нив содржат задолжителни побарувања, а некои се дискрециони. Задолжителните побарувања вклучуваат заштита на сведоци од потенцијална освета или застрашување. Доколку е потребно, заштитата може да биде проширена и да ги вклучува роднините и други лица кои се блиски на сведокот. Ваквите мерки може да вклучуваат, меѓу другото и физичка заштита како на пример реалокација, вклучувајќи и склучување на договори за реалокација со други држави, потоа, воспоставување на ограничување за откривање на информации, овозможување сведочењето да се даде на начин кој ја обезбедува сигурноста на сведокот, пр: сведочење преку видео линк.
Следејќи го меѓународното законодавство, Република Македонија обезбедува заштита на сведоци преку одредбите на Законот за заштита на сведоци и Законот за кривична постапка.

Законот за заштита на сведоци, кој стапи во сила во 2006 година, предвидува основање на посебни тела: Одделение за заштита на сведоци во Министерството за внатрешни работи и Совет за заштита на сведоци, и го регулира давањето на вон–процедурална заштита. Законот за кривична постапка, од друга страна, се однесува исклучиво на процедуралната заштита и содржи одредби кои се однесуваат на посебниот третман на сведоците за времетраењето на постапката.

Отворена порта има воспоставено цврста соработка со Одделението за заштита на сведоци при МВР. Одделението беше ангажиран во еден случај на обезбедување на заштита на жртва сместена во прифатилиштето. Заштитата вклучуваше придружба на клиентот/сведокот во постапката до судницата, придружба за персоналот на Отворена порта, обезбедување на посебна сигурна соба за сведокот, обезбедување придружба за семејството на жртвата, итн. На барање на Отворена порта, Одделението, исто така, беше ангажирано во обезбедувањето на заштита и придружба за време на состаноците со семејството на жртвата, организирање на транспорт за семејството од нивното живеалиште до договореното место.

По завршувањето на судењето, Одделението за заштита на сведоци продолжи да биде вклучено во обезбедувањето на заштита на жртвата.

**Пример**

Во еден од судските процеси, кој беше третиран како еден од најсериозните кривични дела во нашата држава, клучниот сведок беше сместен во прифатилиштето на Отворена порта. Персоналот постојано работеше со неа на неколку полиња, бидејќи беше во тешка психичка криза и имаше тешки последици по нејзиното здравје. За време на постапката беа вклучени и неуропсихијатар и клинички психолог. За време на овие настани, жртвата имаше 18 години и претрпила продолжени и интензивни психолошки трауми, со напад на нејзината сексуална и лична слобода, слобода на избор, лично достоинство, интима, како и нејзината репутација, чест и морал.

Кога требаше да се појави пред судот, контролата на движење на влезот на судот беше на задоволително ниво. Кога жртвата беше присутна во судницата, таа беше соодветно обезбедена од претставници на МВР, но, исто така и од Одделението за заштита на сведоци. Беше обезбеден преведувач за време на постапката.

Сведокот имаше активно учество во главниот претрес. Таа беше психички подготвена да ја каже вистината за настаните кои и се случиле, и покажа подготвеност да ги посочи извршителите на кривичното дело кои беа присутни во судницата.

Судската постапка траеше 4 месеци и беше затворена за публиката. Во соработка со Отворена порта и заменик јавниот обвинител, жртвата имаше потполна поддршка низ целата постапка.

Во оваа постапка, 7 лица беа осудени со казна затвор. ОВА ПРЕТСТАВУВА ЕДНО ОД НАЈТЕШКИТЕ ОБЛИЦИ НА КРИВИЧНО ДЕЛО ВО ДРЖАВАТА!

## 5.2 Медицински предизвици

Двегодишната работа со жртви на трговија со луѓе откри некои нови проблеми и потреби на клиентите. Секој шаблон во работата станува некорисен поради фактот што секоја од клиентите има свои посебни потреби, при што индивидуалниот пристап преовладува над колективниот пристап.

Еден од првите проблеми кои беа пресретнатни беше одржувањето на личната и општа хигиена. Имајќи предвид дека жртвите вообичаено доаѓаат од семејства со низок социјален статус (кај некои од нив, тоалетот се смета за луксуз), работевме на подигање на свеста за нивната лична хигиена. На пример, вреди да се спомене дека некои до девојките употребуваа тоалет за прв пат во нивните животи; не знаеја како да пуштат вода во тоалетот, да користат туш, итн.

Се одеше дотаму што некои од клиентите беа запознавани со основни работи, како: потребата од миење на рацете по секоја употреба на тоалетот, миење на лицето наутро, забите, потребата од дневно туширање, грижа за личната хигиен за време на месечниот циклус, итн. Промените одеа кон подобро бидејќи сите добронамерни забелешки беа прифаќани од сите девојки. Интересно е дека по секое доаѓање на нова жртва, постојните клиенти ја запознаваа жртвата со основите на хигиенските навики и се вознемируваа доколку некоја од нив ги запоставуваше.

Имајќи предвид дека во прифатилиштето, одржувањето на хигиената е во рацете на самите жртви, работевме да ги научиме како да ги уредуваат своите соби (да ги наместат креветите, да ја променат постелнината, да ги проветруваат собите, и да ги чистат собите). Исто така, подготовката на храна и одржувањето на кујната беше во нивна одговорност. Им беше објаснето зошто е неопходно да се мијат садовите со топла вода и детергент по секое јадење, зошто храната се подготвува со чисти садови, каде треба да се фрла ѓубрето, итн.

Разбирливо, имаше некои клиенти кои беа поискусни во подготовката на храна (воглавно возрасни жртви), иако, повеќето од нив беа искусни во таа смисла. Сето тоа бараше поголемо залагање од наша страна. Сите девојки имаа проблеми, како на пример, лоши соништа и проблеми со заспивање. Да не заборавиме дека овие девојки работеле во доцните вечерни часови, ако не и преку целата ноќ, па, спиеле преку ден. Затоа забележавме постоење на пореметувања на биоритамот кај речиси сите девојки. Нашата цел беше да ги запознаеме со нормалните дневни активности и да им помогнеме да ја поминат ноќта во мир и одмор. Во консултација со доктор – психијатар, беа користени средства за смирување, особено во првите денови до приемот, бидејќи истото се јавуваше како неопходност. Сепак, би биле среќни доколку тоа беше единствениот проблем. Се соочувавме и со ниско ниво на самодоверба, кошмари, психичка нестабилност, самоубиствени помисли, промена на расположение, страв, ноќно мокрење, итн.

Сите постоечки психолошки растројства и проблеми се менаџирани од клинички психијатар и клинички психолог се кои се на постојано распо-

лагање и извршуваат редовни прегледи, двапати месечно, а по потреба и повеќе.
Се извршува комплетен преглед при пристигнувањето на нов клиент во прифатилиштето. Се прави лична анамнеза на жртвата и анамнеза на семејството, и сите информации се чуваат во лично досие. Кога е потребно (во случај на болест, преглед и сл.), на жртвите им се даваат лекарства кои се препишани од лекар. Лекарот е секогаш консултиран од страна на вработените во прифатилиштето за секој проблем и потреба на жртвите.
Многу работа е вложена во подобрувањето на здравственото образование на жртвите. На пример: недостаток на знаење за месечниот циклус, сигурен секс, употреба на кондоми, итн. Големо внимание е исто така посветено на образованието за сексуално преносливите болести (СПБ): што се СПБ, начин на пренесување, како да се заштита од СПБ, зошто овие болести се опасни, итн. Сите работилници кои се поврзани со овие теми се организирани интерактивно и покрај вака дизајнираните теми, исто така, се дискутираат и друго теми од интерес за жртвите. Особено внимание се посветува на ХИВ/СИДА, бидејќи многу од жртвите целосно го игнорираат проблемот на ХИВ/СИДА: начинот на пренос, симптомите, превенцијата, итн.
По пристигнувањето во прифатилиштето, клиентите поминуваат низ гинеколошки преглед. Постои блиска соработка со гинеколог, и тоа, со целосна дискреција. Исто така, сите лекарства се препишуваат од страна на лекар, и редовни прегледи се организираат на месечна база.

Редовно се организираат работилници во прифатилиштето на следниве теми:

- Лична хигиена
- Животни навики
- Сексуално преносливи болести
- Ноќно мокрење
- Менструација
- Анатомија на човековото тело
- Бременост и раѓање
- Сигурен секс
- ХИВ/СИДА
- Болести и пренесување на инфекции
- Депресија
- Штетноста на пушењето
- Штетноста на алкохолот
- Други теми според потребите и желбите на клиентите.

Сите работилници се организираат во интерактивни тематски сесии и постои голем интерес од страна на клиентите. Различни методи и материјали се користат, какоште се на пример, визуелни и аудио материја, се со цел да се постигне активно учество од страна на клиентите, при што, на крајот, се постигнуваат позитивни резултати. Понекогаш, клиентите не сакаат групни дискусии на одредени теми, па, таквите теми се покриваат и дискутираат преку индивидуална работа со секој од клиентите.

## 6. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

– Меѓународната пракса идентификува неколку различни модели на установи при пружањето на директна поддршка на тргувани жртви, т.е. затворен наспроти отворен тип на установа; установи раководени од страна на НВО наспроти владини установи; итн. Иако секој од овие модели има свои позитивни и негативни страни, праксата во нашата земја покажа дека установа од отворен тип која е раководена од страна на НВО (каде сместените жртви уживаат донекаде полиберален престој), ги задоволува сите меѓународни критериуми, особено кога се имаат предвид најдобрите интереси на жртвата.

– Во својата работа, организацијата која пружа директна помош е блиску поврзан, а во одредени случаи и зависен, од другите партнери во процесот на упатување на жртви. Ова значи дека е неопходна блиска координација помеѓу сите вклучени агенции. Ставот на авторите е дека усвојувањето на Стандардни оперативни процедури за идентификација, упатување и асистенција ќе го подобри процесот на пружање помош.

– Пружањето на помож на жртвите е одговорност на Владата. Затоа, мора да се започне со финансирање на даватели на вакви услуги од страна на Владата. Меѓународните позитивни пракси покажуваат дека спојувањето на Владините средства со експертизата на НВОи, претставува силно партнерство против трговијата со луѓе. Дополнително на ова, треба да се подобри состојбата со ослободувањето од данок и/или други видови на олеснувања за донаторите кои помагаат на вакви НВОи.

– Учењето преку размена на знаење и најдобри искуства претставува одлична алатка кога се работи со тргувани жртви. Студиските посети, твининг проектите, регионалните конференции, и сл. треба да бидт поддржани од страна на НВОи и треба да биде подржано учеството на претставници од владини агенции (Центри за социјална работа, полиција, итн.).

– Усвојувањето и потпишувањето на Меморандуми за соработка помеѓу НВО и Владата го подобрува одговорот на земјата кон овој вид на организиран криминал, но, исто така, ја покажува посветеноста на Владата кон ова прашање.

– Успешната реинтеграција и ресоцијализација во средината на живеење претставува цел на секоја програма за директна помош. Грижата за жртвите не завршува со нивното сместување во прифатилиштето. Државните и граѓанските организации треба да ја продлабочат својата соработка при давањето на ефективни и ефикасни мерки за реинтеграција, кои ќе доведат до долгорочно позитивно влијание за жртвата.

## АНЕКС: Стандардни оперативни процедури на „Резиденција“

Овие Стандардни опертивни процедури се предвидени да бидат работен документ, со што ќе бидат подложни на постојани ревизии и подобрувања, како што напредува работата на Резиденцијата.

### 1. Прием

Сите претпоставени жртви (во понатамошниот текст: ПЖ) на трговија со луѓе, пријавени и/или идентификувани на територијата на Република Македонија ќе имаат право на прием во просториите на Резиденцијата.
Тимот на социјални работници, психолози и здравствени работници од Резиденцијата (бројот и профилот на персонал кој е ангажиран од Резиденцијата ќе се менува во зависност од постојните работни задачи и побарувања на проектот) ќе одреди и одлучи дали ПЖ ќе биде прифатена за престој во Резиденцијата.
ПЖ ќе биде примена во Резиденцијата, исклучиво врз основа на нејзината/неговата јасна согласност. Пред приемот, ПЖ ќе потпиште формулар за прием и договор.

### 2. Времетраење на престојот

По приемот, тимот на Резиденцијата ќе определи првично времетраење на престојот во период од 30 (триесет) дена. По изминувањето на првичните 30 дена, тимот на Резиденцијата ќе донесе одлука за продолжување на престојот. Доколку е потребно, продолжувањето на престојот ќе биде за период од 90 (деведесет) дена. По истекувањето на 90 дена, тимот на Резиденцијата ќе донесе одлука за дополнителни продолжувања на престојот.
Продолжувањето на престојот за секоја ПЖ ќе биде одредено во зависност од спецификите на секој одделен случај. Тимот од социјални работници, психолози и здравствени работници (во натамошниот текст: тимот на Резиденцијата) кој работи на индивидуален случај ќе одреди и одлучи за продолжувањето на престојот на соодветниот случај.
При донесувањето на одлуката за продолжување на престојот, тимот на Резиденцијата ќе ги има предвид следниве критериуми:
потребите на сместената ПЖ;
психо–социјалната состојба и менталното здравје на ПЖ;
здравствената состојба на ПЖ;
финансиската ситуација на ПЖ; и
правниот статус на ПЖ (пр: дозвола за престој, заштита на сведоци, итн.).

### 3. Процедура при прием

По упатувањето на ПЖ, тимот на Резиденцијата ќе направи првично интервју во просториите на Резиденцијата. Првичното интервју ќе биде спроведено во одделна соба, изолирана од останатите ПЖ кои се веќе сместени во установата.
Тимот на Резиденцијата ќе ги провери личните

предмети на ПЖ за евентуално оружје, дрога, алкохол, уреди за комуникација и останати потенцијално штетни материи.

Тимот на Резиденцијата ќе и обезбеди на ПЖ соодветна облека и опрема за одржување на личната хигиена.

При приемот, тимот на Резиденцијата ќе направи основен медицински преглед на ПЖ, со цел да се одреди евентуален неопходен медицински третман. Доколку е неопходен посебен медицински третман, тимот на Резиденцијата ќе ја упати ПЖ до соодветна надворешна медицинска установа и ќе го овозможи третманот.

## 4. Чување на архива и документи за случаите

Тимот на Резиденцијата ќе чува детална архива за третманот и состојбата на секоја од сместените ПЖ. Сите извештаи и досиеја ќе бидат чувани во писмена форма и на електронски запис, и ќе бидат недостапни за ПЖ и неавторизирани лица.

Тимот на Резиденцијата ќе избегнува да забележува лични имиња и адреси во досиејата. Одделна база на податоци која ќе содржи имиња и контакт податоци ќе биде чувана на исклучително безбедна локација.

## 5. Доверливост

Сите информаци кои се добиени од, или во релација со сместена ПЖ ќе бидат чувани како строго доверливи. Тимот на Резиденцијата нема да открива вакви информации на надворешно тело, институција или поединец, без претходна писмена согласност од ПЖ. Тимот на Резиденцијата нема да бара од ПЖ информации кои се однесуваат на нејзиниот статус како тргувано лице (пр: име на трговецот, патеки на трговија и локација).

## 6. Упатувања

Резиденцијата ќе биде отворена за упатувања од сите институции, агенции, НВОи, даватели на помош или поединци (во понатамошниот текст: точки на упатување).

Во случај на упатување, тимот на Резиденцијата ќе го посети соодветното место и ќе ја превземе ПЖ од локацијата. Во ниту еден случај, тимот на Резиденцијата нема да дозволи точките на упатување индивидуално да ги пренесуваат ПЖ во просториите на Резиденцијата.

## 7. Безбедност

Локацијата на Резиденцијата се чува во тајност.

Просториите на Резиденцијата се обезбедени од приватна компанија за обезбедување.

Персоналот за обезбедување нема да биде поставен во Резиденцијата, или пак во непосредна близина. Во случај на итност, тимот на Резиденцијата ќе ја повика компанијата за обезбедување преку телефон или преку поставеното „копче за паника”.

Во случај на повреда на безбедноста, при што

локацијата на Резиденцијата била откриена од потенцијални агресори, ќе биде следена процедурата зацртана во Протоколот за безбедност.

## 8. Телефонски разговори и контакти со членови на семејството

На сместените ПЖ нема да им биде дозволено да вршат телефонски разговори од Резиденцијата. Поседувањето на мобилни телефони и други средства за комуникација нема да биде дозволено.
Сместените ПЖ може телефонски да разговараат со блиски членови на семејството само врз основа на претходно одобрени од тимот на Резиденцијата.
Сместените ПЖ може да бида посетени од блиски членови на семејството само врз основа на претходно одобрение од тимот на Резиденцијата.
Сите посети ќе се одржуваат надвор од просториите на Резиденцијата, на безбедна локација и во придружба на тимот на Резиденцијата.

## 9. Превоз и движење надвор од Резиденцијата

Секој превоз на ПЖ ќе биде организиран од страна на тимот на Резиденцијата, освен доколку тимот не одлучи поинаку.
Сместените ПЖ смеат да се движат надвор од Резиденцијата само по претходно одобрени од страна на тимот на Резиденцијата. Кога ќе биде соодветно, тимот на Резиденцијата ќе ги придружува ПЖ додека се надвор од Резиденцијата.

При донесувањето на одлуката дали да се дозволи движење надвор од Резиденцијата, тимот на Резиденцијата ќе ги земе предвид следниве услови:
психо–социјалната состојба и менталното здравје на ПЖ;
здравствената состојба на ПЖ;
безбедносната состојба на ПЖ (пр: директни закани по добросостојбата на ПЖ).

## 10. Престанок на престојот и отпуштање

Како што е предвидено погоре, тимот на Резиденцијата одлучува за времетраењето на престојот.
При отпуштање, сите лични предмети се враќаат на ПЖ. Од жртвата ќе биде побарано да не ја открива локацијата на прифатилиштето.
На ПЖ ќе и биде издадено отпусно писмо. Писмото ќе ги содржи следниве информации:
дата на прием;
дата на отпуштање;
име на сместената ПЖ;
третман кој бил даден за време на престојот;
дополнителни забелешки (доколку е потребно).
Тимот на Резиденцијата ќе одржува редовни контакти со ПЖ која била отпуштена.

## 11. Услуги

Тимот на Резиденцијата ќе врши редовни разговори и индивидуални сесии со сите сместени ПЖ. Разговорите и сесиите, на тимот на Резиденцијата им даваат податоци за идните третмани и услуги. Тимот на Резиденцијата може да

ги пружи следниве услуги, во зависност со потребите на секој индивидуален случај:
Психолошка поддршка и советување (вклучувајќи различни третмани, т.е. групна терапија, индивидуално советување, итн.);
Социјално советување;
Основна здравствена грижа;
Основна правна помош.

## 12. Разно

Сите услуги на Резиденцијата, вклучувајќи ги и сместувањето и третманот, ќе бидате дадени исклучиво на доброволна основа.
Доколку некоја сместена ПЖ одбие да ги почитува внатрешните правила и процедури зацртани во Правилникот, тимот на Резиденцијата може да одлучи да ја отпушти ПЖ.